**ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА СРБИТЕ**
**ВО МАКЕДОНИЈА**

---

До: СРЕДСТВАТА ЗА ЈАВНО ИНФОРМИРАЊЕ

Демократската партија на Србите во Македонија оценува дека Владата на Република Македонија ги користи сите свои капацитети за да је дефокусира јавноста од проблемите со кои се соочува Република Македонија во целина и секој нејзин граѓанин поединечно. Како таков го сметаме и последниот потег со кој брутално се загрозува остварувањето на слободата на вероисповед на припадниците на српската национална заедница во Република Македонија.

Демократската партија на Србите во Македонија смета дека со ваквото однесување на Владата која што директно учествува во загрозувањето на човековите права и слободи и го спречува нивното остварување и нанесува штета на меѓународната позиција на Република Македонија, бидејќи во Република Македонија не се остваруваат правата и слободите утврдени со меѓународни договори и конвенции и со Уставот на Република Македонија.

Ваквото однесување претставува уште еден пораз на европска Македонија и претставува директен удар на евроинтеграционите процеси кои се во тек, затоа сосема оправдано се наметнува прашањето каква е состојбата во остварувањето на верските права и слободи во Република Македонија и кој ќе биде одговорот на прашалникот од ЕУ.

Владата исто така на овој начин ги загрозува и добрососедските односи со Србија и Црна Гора, во кои ние како партија ја вложивме и ја вложуваме сета своја позитивна енергија.

Ја повикуваме Владата на Република Македонија да не прави штети бидејќи без оглед на тоа какви мерки ќе преземе, таа може само да го забави, а никако не може да го спречи процесот на полното остварување на верските права и слободи на припадниците на српската национална заедница во Република Македонија.

Скопје, 18.10.2004.

**Демократска Партија на Србите во Македонија**
Претседател
Иван Стоилковиќ